**З А П И С Н И К**
**Од 7- та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на 29.01.2026 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 23 члена на Советот.

Потоа ја отвори 7-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 11:00 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа Записникот од 6-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа не се јави никој.

Се премина кон гласање на Записникот од 6-та седница и по гласањето се утврди дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“беше усвоен Записникот од 6-та седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог – Статут на Општина Велес;
2. Нацрт – Деловник за работа на Советот на Општина Велес;
3. Предлог – програма за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година;
4. Предлог – програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година;
5. Предлог – решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2026 година;
6. Предлог – одлука за ставање ВОН СИЛА на Одлуката за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес;
7. Предлог –одлука за авто-такси превоз на патници во Општина Велес;
8. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот;
9. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1526/2, КО Башино Село;
10. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1467/1, КО Башино Село;
11. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 784/2 и КП бр. 132/1, КО Башино Село вон град;
12. Предлог - Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општина Велес за 2026 година;
13. Наративен и Годишен финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година;
14. Предлог – Годишна програма на „Младински центар'' Велес за 2026 година;
15. Извештај за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година;
16. Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година;
17. Предлог – одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес што паѓа на товар на родителите;
18. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година;
19. Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година;
20. Предлог – развојна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес за период од 2025 до 2029 година;
21. Предлог – решение за престанок на мандатот на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
22. Предлог – решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;

23. Предлог – решение за престанок на мандат на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
24. Предлог – решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
25. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
26. Предлог – решение за назначување вршители на должност за членови на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
27. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
28. Предлог – решение за назначување вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
29. Предлог – решение за именување членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
30. Предлог – решение за именување членови во Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес;
31. Информација за движењето на акутните заразни заболувања на подрачјето на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Велес за 2025 година;

Претседателот наведе дека се пристигнати две Барања со арх.бр.09-364/5 и 09-364/6 од страна на Градоначалникот за дополнување на дневниот ред со следните точки: под ред.бр.6. Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект; под ред.бр.7. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање); под ред бр.14. Предлог – одлука за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноември 2025 година и под ред.бр.33.Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес; Се премина на гласање на предложените точки за дополнување на Дневниот ред.

Точката 6. Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“, точката стана дел од Дневниот ред.

Точката 14. Предлог – одлука за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноември 2025 година, се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“, точката стана дел од Дневниот ред.

Точката 7. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање), се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 23 присутни членови на Советот со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“.

Точката 33. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 23 присутни, со 23 гласа „за“ точката стана дел од Дневниот ред.

Предложениот дневен ред со дополнителните точки, се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 23 присутни членови на Советот со 20 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“, се усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог – Статут на Општина Велес;
2. Нацрт – Деловник за работа на Советот на Општина Велес;
3. Предлог – програма за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година;
4. Предлог – програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година;
5. Предлог – решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2026 година;
6. Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект;
7. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање);
8. Предлог – одлука за ставање ВОН СИЛА на Одлуката за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес;
9. Предлог –одлука за авто-такси превоз на патници во Општина Велес;
10. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот;
11. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1526/2, КО Башино Село;
12. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1467/1, КО Башино Село;
13. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 784/2 и КП бр. 132/1, КО Башино Село вон град;
14. Предлог – одлука за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река
    Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноемвври 2025 година;
15. Предлог - Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општина Велес за 2026 година;
16. Наративен и Годишен финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година;
17. Предлог – Годишна програма на „Младински центар’’ Велес за 2026 година;
18. Извештај за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година;
19. Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година;
20. Предлог – одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес што паѓа на товар на родителите;
21. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година;

22. Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година;
23. Предлог – развојна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес за период од 2025 до 2029 година;
24. Предлог – решение за престанок на мандатот на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
25. Предлог – решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
26. Предлог – решение за престанок на мандат на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
27. Предлог – решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
28. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
29. Предлог – решение за назначување вршители на должност за членови на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
30. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
31. Предлог – решение за назначување вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
32. Предлог – решение за именување членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
33. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
34. Предлог – решение за именување членови во Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес;
35. Информација за движењето на акутните заразни заболувања на подрачјето на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Велес за 2025 година;

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Предлог – Статут на Општина Велес;**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија се јави Александар Илиевски.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Статутот на Општина Велес.

**ТОЧКА 2. Нацрт – Деловник за работа на Советот на Општина Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Магдалена Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Звезданка Пешиќ, Јованче Манасков, Лилјана Чолакова Дервишова

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

Кон одговорот се приклучи и претседателот.

Од страна на членот на Јованче Манасков беше предложено член 45 став 1 од Нацрт-Деловникот за работа на Советот на Општина Велес да се измени во делот на ограничувањето на поставување на само 3 прашања, да нема ограничување во однос на бројот на поставени советнички прашања од страна на еден член на Советот.

Предлогот се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 4 гласа „за“ и 17 гласа „воздржан“ не го доби потребното мнозинство за да стане дел од Предлог - Деловникот за работа на Советот на Општина Велес.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 17 гласа „за“, 2 гласа „против“ и 2 гласа „воздржан“ се утврди текстот на Нацрт – Деловник за работа на Советот на Општина Велес.

**ТОЧКА 3. Предлог – програма за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година**

Даниел Јаневски, претседател на Комисијата за Програма за работа на Советот на Општина Велес, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се донесе Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 4. Предлог – програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Верица Тодоровска Дацева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања и реплика се јавија: Слободан Ников, Димче Ацков и Мирјана Петрушевска Савова.

Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник и претседателот.

Процедурално за збор се јави Јованче Манасков.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 2026 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Марија Чатмова беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 6. Предлог – одлука за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“се донесе Одлуката за давање согласност за продолжување на Договор за закуп на просторија од објект.

**ТОЧКА 7. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање)**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување начин на давање во закуп на дел од објект и опрема за дигитално кино, сопственост на Општина Велес (по пат на електронско јавно наддавање).

**ТОЧКА 8. Предлог – одлука за ставање ВОН СИЛА на Одлуката за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јавија: Мирјана Петрушевска Савова, Јованче Манасков, Димче Ацков и Елизабета Митревска Анѓелеска.

Одговор на поставените прашања даде секретарот.

Кон одговорот се приклучи и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 20 гласа „за“ и 1 глас „воздржан“се донесе Одлуката за ставање ВОН СИЛА на Одлуката за давање на правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Велес.

**ТОЧКА 9. Предлог –одлука за авто-такси превоз на патници во Општина Велес**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на секретарот на Општина Велес, Панче Јанев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања и реплика се јави: Јованче Манасков.

Одговор на поставените прашања даде претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 17 гласа „за“ и 2 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес.

**ТОЧКА 10. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот**

Претседателот наведе дека од страна на Градоначалникот е доставен Амандман со арх.бр.08-364/4 од 28.01.2026 година.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по Амандманот.

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за определување зони и подзони на територијата на Општина Велес со примена на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот.

**ТОЧКА 11. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1526/2, КО Башино Село**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1526/2, КО Башино Село.

**ТОЧКА 12. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1467/1, КО Башино Село**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 1467/1, КО Башино Село.

**ТОЧКА 13. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 784/2 и КП бр. 132/1, КО Башино Село вон град**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 784/2 и КП бр. 132/1, КО Башино Село вон град.

**ТОЧКА 14. Предлог – одлука за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноември 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија и прашања се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.
Кон одговорот се приклучи и претседателот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 19 гласа „за“ и 3 гласа „воздржан“ се донесе Одлуката за неповедување на управни постапки за катастарските парцели кои навлегуваат во опфат на Проектната Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктурна градба,изградба на мост на река Вардар кај Башино Село, дел од регионален патен правец Р1312, КО Башино село и КО Велес, Општина Велес, со тех.бр.ПД_006_03/25 од ноемвври 2025 година.

**ТОЧКА 15. Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општина Велес за 2026 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Петре Цилаков беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Маја Демерџиева, Јованче Манасков, Димче Ацков и Драган Стојанов.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се донесе Оперативна Програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на општина Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 16. Наративен и Годишен финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на Младински центар Велес, Ивана Јордева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Маја Демерџиева, Лилјана Чолакова Дервишова и Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде овластениот претставник.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Наративниот и Годишниот финансиски извештај за работата на Младински центар Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 17. Предлог – Годишна програма на „Младински центар'' Велес за 2026 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на Младински центар Велес, Ивана Јордева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

За збор се јави: Мирјана Петрушевска Савова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Годишната програма на „Младински центар'' Велес за 2026 година.

**ТОЧКА 18. Извештај за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, службеникот за млади, Владимир Смилев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 20 присутни, со 20 гласа „за“ се усвои Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година.

**ТОЧКА 19. Извештај за работата на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2025 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на заменик претседателот на Локалниот младински совет на Општина Велес, Марко Врналиев беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За збор се јави: Мирјана Петрушевска Савова.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 21 глас „за“ се усвои Извештајот за работата на Службеникот за млади во Општина Велес во 2025 година.

**ТОЧКА 20. Предлог – одлука за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес што паѓа на товар на родителите**

Маја Демерџиева, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес, Наташа Јанушева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со дискусија, прашања, реплика и контрареплика се јавија: Мирјана Петрушевска Савова, Јованче Манасков, Нада Јованова, Селма Амедоска, Маја Демерџиева, Елизабета Митревска Анѓелеска, Лилија Чолакова Дервишова, Милка Панова и Димче Ацков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 21 присутен, со 16 гласа „за“, 3 гласа „против“ и 1 глас „воздржан“ (Игор Стојанов се иззема од гласање) се донесе Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца од ОЈУДГ „Димче Мирчев“ Велес што паѓа на товар на родителите.

**ТОЧКА 21. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година**

Александар Илиевски, член на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Блаже Конески“ Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашање се јавија: Јованче Манасков и Елизабета Митревска Анѓелеска.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

Врз основа на член 81 став 3 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07, 03/09, 18/10 и 01/21), членот Весна Атанасовска предложи точката да се разгледува како последна точка на Дневен ред за денешната седница. Се премина кон гласање и од 22 присутни со 22 гласа „за“ предлогот се усвои.

**ТОЧКА 22. Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, Сениха Брзева беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашање се јави: Јованче Манасков.
Одговор на поставените прашања даде директорката.

Врз основа на член 81 став 3 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07, 03/09, 18/10 и 01/21), членот Весна Атанасовска предложи

точката да се разгледува како последна точка на Дневен ред за денешната седница. Се премина кон гласање и од 22 присутни со 22 гласа „за“ предлогот се усвои.

**ТОЧКА 23. Предлог – развојна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес за период од 2025 до 2029 година**

Изабела Апцева, претседател на Комисијата за статут и прописи, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на директорката на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес, Амра Хоџиќ беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Мирјана Петрушевска Савова.

Одговор на поставените прашања даде директорката.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се усвои Развојната програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес за период од 2025 до 2029 година**.**

**ТОЧКА 24. Предлог – решение за престанок на мандатот на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде претставникот на општинската администрација, Магдалена Спасева.

Членот Јованче Манасков наведе дека потребно е да биде поднесено Барање од страна на членовите на Комисијата за причините поради кои бараат да им престане мандатот како членови на Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

По ова точката се донесе Решението за престанок на мандатот на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се констатира престанок на мандатот на: Марија Чатмова, претседател, Анита Пивкова, заменик претседател, Магдалена Грубор, член, Зорица Миладиновска, заменк член, Борислав Костадиновски, член и Димче Велев, заменик член.

**ТОЧКА 25. Предлог – решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се именуваат: Кристијан Јорданов, претседател, Сања Самаракова, аменик претседател, Марија Чатмова член, Зорица Миладиновска, заменк член, Димче Велев, член и Горан Дончов, заменик член.

**ТОЧКА 26. Предлог – решение за престанок на мандат на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.

Членот Јованче Манасков наведе дека потребно е да биде поднесено Барање од страна на членовите на Комисијата за причините поради кои бараат да им престане мандатот како членови на Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

По ова точката се донесе Решението за престанок на мандатот на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се констатира престанок на мандатот на: Марија Чатмова, претседател, Анита Пивкова, заменик претседател, Магдалена Грубор, член, Зорица Миладиновска, заменк член, Димче Велев, член и Борислав Костадиновски, заменик член.

**ТОЧКА 27. Предлог – решение за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за именување на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се именуваат: Кристијан Јорданов, претседател, Сања Самаракова, аменик претседател, Марија Чатмова член, Зорица Миладиновска, Горан Дончов член и Димче Велев, заменик член.

**ТОЧКА 28. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова точката се донесе Решението за престанок на мандат на Жарко Манасков, член на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

**ТОЧКА 29. Предлог – решение за назначување вршители на должност за членови на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за назначување вршители на должност за членови на Управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се назначуваат: Милка Петровски, Тања Василков и Олгица Чупчева Јанева.

**ТОЧКА 30. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова точката се донесе Решението за престанок на мандат на вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се констатира престанок на Милка Петровски и Тања Василков.

**ТОЧКА 31. Предлог – решение за назначување вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 17 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ се донесе Решението за назначување вршители на должност на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со кое се назначуваат: Кристијан Јорданов и Маја Димова.

**ТОЧКА 32. Предлог – решение за именување членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 15 гласа „за“ и 5 гласа „воздржан“ (членовите Весна Атанасовска и Благојка Наунова се иземаат од гласање) се донесе Решението за именување членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се именуваат: Анета Стевановска Јаневска и Елена Панов.

**ТОЧКА 33. Предлог – решение за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

По ова се донесе Решението за престанок на мандат на вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со кое се констатира престанок на мандатот на: Анета Стевановска Јаневска и Добривое Пауновски.

**ТОЧКА 34. Предлог – решение за именување членови во Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес**

Елизабета Митревска Анѓелеска, претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 22 присутни, со 22 гласа „за“ се донесе Решението за именување членови во Советот за заштита на потрошувачите на Општина Велес со кое се именуваат: Катерина Христова, Ленче Панова, Милица Ристовска Темелковска, Зоран Јанкуловски, Ивона Јовиќ, Мирјана Петрушевска Савова и Анета Стајиќ.

**ТОЧКА 35. Информација за движењето на акутните заразни заболувања на подрачјето на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Велес за 2025 година**

Селма Амедоска, претседател на Комисијата за општествени дејности, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Велес, д-р Бојан Тодоровски беше дадено појаснување по предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Лилјана Чолакова Дервишова, Јованче Манасков и Мирјана Петрушевска Савова.
Одговор на поставените прашања даде претставникот.

По ова се констатира разгледување на Информацијата за движењето на акутните заразни заболувања на подрачјето на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Велес за 2025 година.

Се премина на повторно разгледување на точката под ред. **21. Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година**

Од страна на директорката на ООУ „Блаже Конески“ Велес, Маја Коруновска беше дадено појаснување за корегираниот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа со дискусија и прашања се јавија: Јованче Манасков и Лилјана Чолакова Дервишова.
Од страна на директорката, точката се симна од Дневен ред.

Симнувањето на точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“, точката Предлог – решение за давање согласност на Измени и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ Велес за 2026 година, се симна од Дневен ред.

Се премина на повторно разгледување на точката под ред бр. **22 Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година**

Од страна на директорката на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес, Сениха Брзева, точката се симна од Дневен ред.

Симнувањето на точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 19 присутни, со 19 гласа „за“, точката Предлог – решение за давање согласност на Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес за 2026 година, се симна од Дневен ред.

Седницата беше закажана за во 10:00 часот, започна со работа во 11:00, а заврши во 19:30 часот.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-
.02.2026 година
Велес